# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 06.07.2023 ГОДИНА<br>БРОЈ 11 ГОДИНА 2023<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр. 09-720/2
06.07.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/2002), член 34 од Законот за буџети (,, Службен весник на РМ''бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16; и ,,Службен весник на РСМ,, бр.79/20; 151/21; 87/22), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на општина Кривогаштани'' бр.3/11, 14/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 06.07.2023 година донесе :

## ОДЛУКА
**за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 725939 Останати неданочни приходи | 0 | 2. 350.000 | 0 | 0 | 0 |
| | **0** | **2.350.000** | **0** | **0** | **0** |
| и се распоредуваат на следните расходни потставки: | | | | | |
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421240 Течни горива | 0 | 400.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421290 Други материјали за греење | 0 | 250.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424440 Поправки и одрж. на друга опрема | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образование | 0 | 1.400.000 | 0 | 0 | 0 |
| | **0** | **2.350.000** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ’’Службен гласник на општина Кривогаштани’’.

Бр.08-696/3
06.07.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
### за прогласување на Одлука за дополнување на блок дотацијата на ООУ „Манчу Матак“ –Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“-Обршани

1. Се прогласува Одлуката за дополнување на блок дотацијата на ООУ „Манчу Матак“ –Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“-Обршани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Одлуката за дополнување на блок дотацијата на ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“-Обршани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-720/3
06.07.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (’’Службен весник на РМ’’ бр.5/2002), член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ’’бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 17 ст.1 точка 4 од Статутот на општина Кривогаштани (Службен гласник на општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23 ) Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 06.07.2023 година донесе:

# О Д Л У К А

**за дополнување на блок дотацијата на ООУ „Манчу Матак“ –Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“-Обршани**

**Член 1**

Со оваа одлука се дополнува блок дотацијата на ООУ „Манчу Матак“ –Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“-Обршани за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес , со средства од Буџетот на Општина Кривогаштани.

**Член 2**

Средствата во висина од 500.000 ден. од ставка 421 ќе се користат за набавка на пелети на ООУ „Мачну Матак“ Кривогаштани и течно гориво за огрев за ООУ „Јонче Смугрески“Обршани.
Средствата во висина од 350.000 ден. од ставка 424 ќе се користат за реновирање на училници и прилагодување за кабинетска настава за ООУ „Манчу Матак“ Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“ Обршани.
Средства во висина од 2.300.000 ден. од ставка 425 ќе се користат за подмирување на долгови направени за превоз на ученици за ООУ „Мачну Матак“ Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“Обршани.

Средствата во висина од 100.000 ден. од ставка 426 ќе се користат за дополнителни оперативни трошоци кои настануваат во текот на работењето за ООУ „Мачну Матак“Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“ Обршани.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-696/4
06.07.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-720/4
06.07.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 95 од Закон за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15 и 31/16), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија 5/2002) и член 17 точка 7 од Статутот на општина Кривогаштани (“Службен гласник на општина Кривогаштани” бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 06.07.2023 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2023г.**

1. Се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Кривогаштани за 2023 година број 08-1380/4 од 26.12.2022 година и 08-635/7 од 16.06.2023 година

2. Во Програма: ЈА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ се додава точка 2 која гласи: **Поставување на јавно осветлување на фудбалско игралиште с. Обршани**------------- 400.000 денари

Вкупната вредност на Програмата ЈА не се менува- вредноста на точка 1(Поставување на нови линии и арматури) се намалува 400.000 денари

Бр.08-696/5 — Претседател на Совет
06.07.2023 година — на Општина Кривогаштани
Кривогаштани — Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г.**

1. Се прогласува Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г.што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г. ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-720/5 — Градоначалник на
06.07.2023 год. — Општина Кривогаштани
Кривогаштани — Николче Мискоски

Врз основа на член 22 ст.1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РСМ” бр.5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр. 32/20), и чл.15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Сл.гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 06.07.2023 година, донесе:

**Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г.**

Член 1

Со оваа одлука се врши дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година бр.08-82/6 од 24.01.2023 година и бр.08-290/3 од 07.03.2023 година и тоа:

-Во потточка 2.3 Урбанистички проекти се додава

реден број 17 кој гласи:

Урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село Кривогаштани на КП бр. 3154, КП бр.3156/3 9 КП бр.7801/2 КО Кривогаштани (Финансирано од барател),

реден број 18 кој гласи:

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на КП 7974/1 КО Кривогаштани ГП 24.58 согласно УП за село Кривогаштани со разработка на Блок 24, донесен со Одлука бр.08-1103/3 од 30.06.2015 година од страна на Советот на општина (Финансирано од барател).

Член 2

Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-696/6 — Претседател на Совет
06.07.2023 година — на Општина Кривогаштани
Кривогаштани — Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за разрешување на член на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за разрешување на член на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Одлуката за разрешување на член на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-720/6
06.07.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 17 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 82/20; 89/22; 274/22), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 20 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Сл.гласник на општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 06.07.2023г. донесе:

**ОД Л УК А**
**за разрешување на член на Управен одбор на на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани**

Член 1

Со оваа одлука се разрешува Никола Ризоски од Боротино од член на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кривогаштани".

Бр.08-696/7
06.07.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за именување на член на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за именување на член на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Одлуката за именување на член на Управен одбор на на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-720/7
06.07.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 17 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 82/20; 89/22; 274/22), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Сл.гласник на општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 , 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 06.07.2023г. донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување на член на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани**

Член 1

Со оваа одлука се именува член на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани.

Член 2

За член на Управен одбор на ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани се именува Злате Киселоски од Кривогаштани.

Член 3

Мандатот на членот е до истекот на мандатот на членовите на Управниот одбор именувани со Одлука бр. 08-150/8 од 11.02.2022 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кривогаштни".

Бр.08-696/8
06.07.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
### за прогласување на Одлука за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП"Пелагонија" Кривогаштани

1. Се прогласува Одлуката за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП"Пелагонија" Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Одлуката за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-720/8
06.07.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 26 од Законот за јавни претпријатија ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 35/19; 275/19; 82/20; 89/22; 274/22), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/2002), член 17 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Сл. гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 06.07.2023г. донесе

## ОДЛУКА

**за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП"Пелагонија" Кривогаштани**

Член 1

Со оваа одлука се разрешува Илчо Николоски од Кривогаштани од член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.08-696/9<br>06.07.2023 година<br>Кривогаштани

Претседател на Совет<br>на Општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлука за именување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП"Пелагонија" Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за именување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП"Пелагонија" Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Одлуката за именување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-720/9
06.07.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 26 од Законот за јавни претпријатија ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19; 275/19; 82/20; 89/22; 274/22), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/2002), член 17 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Сл. гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23) и согласно, Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 06.07.2023 г. донесе

## ОДЛУКА
### за именување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП"Пелагонија" Кривогаштани

Член 1

За член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Пелагонија" Кривогаштани се именува Татјана Здравкоска од Кривогаштани.

Член 2

Одборот има задача да врши контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Пелагонија"Кривогаштани.

Член 3

Мандатот на членот е до истекот на мандатот на членовите на Надзорниот одбор именувани со Одлука бр. 08-150/10 од 11.02.2022 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.08-696/10
06.07.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Николче Ликоски од Воѓани**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Николче Ликоски од Воѓани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Николче Ликоски од Воѓани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-720/10<br>06.07.2023 год.<br>Кривогаштани

Градоначалник на<br>Општина Кривогаштани<br>Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 06.07.2023 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за одобрување на финансиски средства на Николче Ликоски од Воѓани**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Николче Ликоски од Воѓани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 4.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година на Николче Ликоски од Воѓани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-696/11
06.07.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Трајче Ефтинџиоски од Обршани**

1. Се прогласува за Одлуката за одобрување на финансиски средства на Трајче Ефтинџиоски од Обршани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 06.07.2023 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Трајче Ефтинџиоски од Обршани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-720/11
06.07.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 06.07.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Трајче Ефтинџиоски од Обршани**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Трајче Ефтинџиоски од Обршани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 4.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година на Трајче Ефтинџиоски од Обршани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-696/12
06.07.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

**СОДРЖИНА**
**на акти донесени на 31-ва седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 06.07.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1.Заклучок за прогласување на Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година........................................................................1

- Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година.............................................................................................................1

2. Заклучок за прогласување на Одлука за дополнување на блок дотацијата на ООУ „Манчу Матак“ –Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“-Обршани,......................................2

- Одлука за дополнување на блок дотацијата на ООУ „Манчу Матак“ –Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“-Обршани,..........................................................................................3

3. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година.......................................................................................4

- Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година................4

4. Заклучок за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г.....................................................................................................5

- Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г.........6

5. Заклучок за прогласување на Одлука за разрешување на член на Управен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани.......................................................................................7

-Одлука за разрешување на член на Управен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани.........................................................................................................................7

6. Заклучок за прогласување на Одлука за именување на член на Управен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани.........................................................................................8

-Одлука за именување на член на Управен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани.........................................................................................................................8

7. Заклучок за прогласување на Одлука за разрешување на член на Надзорен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани.......................................................................................9

-Одлука за разрешување на член на Надзорен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани.........................................................................................................................10

8. Заклучок за прогласување на Одлука за именување на член на Надзорен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани.........................................................................................10

-Одлука за именување на член на Надзорен одбор на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани.........................................................................................................................11

9. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Николче Ликоски од Воѓани.......................................................................................12

-Одлука за одобрување на финансиски средства на Николче Ликоски од Воѓани.........................................................................................................................12

10. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Трајче Ефтинџиоски од Обршани...................................................................................13

-Одлука за одобрување на финансиски средства на Трајче Ефтинџиоски од Обршани.........................................................................................................................13

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**